**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 86, став 1, точка 1 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 1 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата на Годишното собрание одржана на 26.5.2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на**
**Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

(1) Во Статутот на Банката се вршат следните измени и дополнувања:
(2) Во членот 2, ставот 2 се менува и гласи:
„Централна кооперативна банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката), е правно лице (акционерско друштво) со седиште во Скопје, на ул. ,,Столтенбергова'' број 2 Скопје. "

**Член 2**

(1) Во членот 8, ставот 2 се дополнува на начин што после точката 19), се додава точка 19-а којашто гласи:
„застапување во осигурување."
(2) Во членот 8, ставот 3 се дополнува на начин што, после бројот ,,18'', се додава ,,19-а''.

**Член 3**

Во членот 52, ставот 3 се менува и гласи:
„ Освен лицата од став 1 на овој член, како лица со посебни права и одговорности се и други работници со посебни права и одговорности, именувани како директори на дирекции, директори на филијали, лице одговорно за сигурност на информативниот систем (ОСИС), раководители на служби, коишто не се во рамки на дирекции, како и лица коишто со посебна одлука на Управниот одбор на Банката се определени како лица со посебни права и одговорности, согласно условите пропишани со посебниот акт од член 53, став 3 од овој статут."

**Член 4**

Во членот 58, во ставот 1, зборот ,,акционери'', .се заменува со зборот ,,акционерите''.

**Член 5**

Во членот 59, ставот 1, се менува на начин што:
1. точка 10, се менува и гласи:
,,одлучува за зголемување и намалување на основната главнина (почетниот капитал) на Банката;''.
2. точка 12 се менува и гласи:
,,одлучува за висината на надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор и наградата на члeновите на Надзорниот одбор;''.
3. точките 13 и 14 се бришат.
4. точките 15, 16, 17, 18 и 19, стануваат точки 13, 14, 15, 16 и 17.

**Член 6**

Во членот 88, ставот 3 се менува на начин што:

1. после точката 4, се додава точка 4-а којашто гласи:
„одлучува за висината на надоместот за учество во работата на Одборот за ревизија и наградата на неговите членови.“
2. точка 34, се брише.
3. точките 35, 36, 37, 38, 39 40 и 41, стануваат точки 34, 35, 36, 37, 38, 39 и 40.

**Член 7**

Во членот 120, ставот 4 се менува и гласи:
„Службата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија, Етичкиот кодекс на Банката, Политиката и процедурите за работење на Службата, како и останатите интерни акти на Службата, коишто се одобруваат од Надзорниот одбор на Банката.“

**Член 8**

Во членот 138, ставот 4 се менува и гласи:
„Во случаите кога постапката за измена на Статутот е покрената од Управниот одбор на Банката, истиот го доставува предлогот до Надзорниот одбор, којшто со одлука го утврдува предлогот за измена на Статутот. Надзорниот одбор, донесува и предлог - одлука за измена на Статутот, доколку постапката за измена на Статуот е покрената од негова страна.“

**Член 9**

Во членот 8, ставот 3, членот 35, членот 88, ставот 9, членот 104, ставот 2 и членот 153, зборовите ,,Гувернерот на’’ се бришат.

**Член 10**

Во членот 52, ставот 5, точка 5, членот 113, ставот 1, точка 11 и членот 150, ставот 1, алинеја 1, зборот ,,Гувернерот’’, се заменува со ,,НБРСМ’’.

**Член 11**

Собранието на акционерите на Банката го овластува Надзорниот одбор да изврши промени и дополнување во оваа одлука, по евентуалните забелешки на Народна банка на РСМ во постапката за добивање решение за претходна согласност за измена на статутот, коишто измени ќе бидат одразени во пречистен текст на Статутот, а којшто Надзорниот одбор на Банката ќе го изготви и потпише по добивање претходна согласност од НБРСМ.

**Член 12**

Се овластува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 13**

Одлуката стапува во сила по добивањето на претходна согласност од НБРСМ.

***Образложение***

Потребата за измени и дополнувања на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје произлегува од промената на адресните податоци на седиштето на Банката, согласно Одлуката за определување и промена на имиња на улици, мостови и плоштади на подрачјето на град Скопје, донесена од Советот на Град Скопје, започнувањето со извршувањето на новата финасиска активност, застапување во осигурување, за којашто се прибавени претходни согласности од АСО и НБРСМ, како и оптимизирање на работните процеси во Банката, поврзани со новата финансиска активност и со тековното работење на истата.
Се увиде потребата за промени на Статутот, во делот на ,,одлучување за промени на капиталот на Банката’’, коешто не е пропишано како надлежност на Собранието

на акционерите на Банката, во Законот за трговските друштва и во Законот за банките и прецизно дефинирање на оваа надлежност на Собранието на акционерите, како ,,одлучување за зголемување и намалување на основната главнина (почетниот капитал) на Банката'', во согласност со наведените закони. Дополнително, ,,усвојувањето на билансот на приходи и расходи на Банката'', од страна на Собранието на акционерите на Банката, терминолошки не соодетствува со законската номенклатура и оваа надлежност е опфатена со ,,усвојувањето на годишната сметка на Банката и финансиските извештаи за Банката“ од страна на Собранието на акционерите. Воедно, пропишаната надлежност за ,,одлучување за прашања за доверба на органите што ги избира“, се брише, од причина што одлучувањето за прашања за доверба, не е содржано и не е уредено во позитивната законска регулатива и како такво, не може да биде применето на практична основа.
Имајќи предвид дека Надзорниот одбор на Банката, ги именува членовите на Одборот за ревизија, се предлага и измената, наместо Собранието на акционерите на Банката, истиот да биде надлежен да одлучува за висината на надоместот за учество во работата на Одборот за ревизија и наградата на неговите членови. Во таа насока, имајќи предвид дека Надзорниот одбор на Банката ја организира и Службата за внатрешна ревизија, се наметна потребата за доуредување на прашањето за одобрување на интерните акти на службата, од страна на Надзорниот одбор.
Сите предложени измени, се во насока на обезбедување на поефикасно извршување на дејноста на Банката, како и со усогласување со законската регулатива.
Од погоре наведените причини, следуваше Собранието на акционерите на Банката, да одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Собрание на акционери**
**претседавач с.р.**